# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА<br>ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д<br>02.10.2007<br>БРОЈ 10 ГОДИНА 42** | |


## С О Д Р Ж И Н А


1. Одлука за потврдување на планот за поделба на МЈП „Проаква“ Струга 2
2. Одлука за давање согласност на Статутот на МЈП „Проаква“ Струга 3
3. Одлука за давање согласност на Статутот на ЈП „Водовод’ Охрид 3
4. Заклучок 4
5. Одлука за утврдување Нацрт - урбанистички план вон населено место за дел од туристичка населба Горица - Исток 2007 - 2017 5
6. Заклучок 6
7. Одлука за утврдување Нацрт на детален урбанистички план за УЗ 17, УБ 17.4, опфат 1 (дел од Спортски центар Гранит - Трудбеник) 6
8. Одлука за измена и дополнување на одредбите за спроведување на урбанистичките планови 8
9. Одлука за начинот на регулирање на паркирањето вон градежната парцела 11


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

### ЗАКЛУЧОК
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ПОДЕЛБА НА МЈП „ПРОАКВА“ СТРУГА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за потврдување на Планот за поделба на МЈП „Проаква“ Струга, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2007 година.

**Број 08-1861/3**
**14.09.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 528 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на РМ“ бр.28/04, 25/07), Советот на општина Охрид, расправајќи по Планот за поделба на МЈП „Проаква“ Струга, на седницата одржана на ден 14.09.2007 година, донесе:

## ОДЛУКА
### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ПОДЕЛБА НА МЈП „ПРОАКВА“ СТРУГА

**Член 1**

Со оваа Одлука се потврдува Планот за поделба на МЈП „Проаква“ Струга, донесен од Управниот одбор на МЈП „Проаква“ Струга на седницата одржана на 21.05.2007 година бр.03-1046/1, составен во форма на нотарски акт ОДУ.бр.241/07 од 07.06.2007 година.

**Член 2**

Планот за поделба на МЈП „Проаква“ Струга е даден во прилог и е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката за потврдување на Планот за поделба претставува и Одлука за поделба на МЈП „Проаква“ Струга.

**Член 4**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката бр.07-1423/2 од 13.07.2007 година објавена во „Сл.гласник на општина Охрид“ бр.9/07.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општините Охрид и Струга“.

**Број 07-1861/3**
**14.09.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## ЗАКЛУЧОК
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА МЈП „ПРОАКВА“ СТРУГА

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за давање согласност на Статутот на МЈП „Проаква“ Струга, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2007 година.

**Број 08-1861/4**
**14.09.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид, на седницата одржана на ден 14.09.2007 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА МЈП „ПРОАКВА“ СТРУГА**

**Член 1**

Се дава согласност на Статутот на МЈП „Проаква“ Струга донесен од Управниот одбор на МЈП „Проаква“ Струга, донесен на седницата одржана на ден 22.08.2007 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1861/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.09.2007 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈП „ВОДОВОД“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за давање согласност на Статутот на ЈП „Водовод“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2007 година.

**Број 08-1861/5** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.09.2007 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид, на седницата одржана на ден 14.09.2007 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈП „ВОДОВОД“ ОХРИД**

**Член 1**

Се дава согласност на Статутот на ЈП „Водовод“ Охрид донесен од Управниот одбор на МЈП „Проаква“ Струга, донесен на седницата одржана на ден 22.08.2007 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1861/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.09.2007 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2007 година.

**Број 08-1861/6**
**14.09.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.09.2007 година го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

Тргнувајќи од потребата за поефикасно, поекономично и поквалитетно вршење на јавните услуги (пред се комуналните дејности) како и од потребата од привлекување на инвестиции за реализација на поголеми инфраструктурни проекти во функција на локалниот економски развој, се задолжува администрацијата на локалната самоуправа и јавните претпријатија да изготват студија за можните модели на јавно приватно партнерство и да предложат конкретни решенија за реализација на јавна приватна соработка во рок од 6 месеци.

**Број 07-1861/6**
**13.07.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ - УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ДЕЛ ОД ТУРИСТИЧКА НАСЕЛБА ГОРИЦА - ИСТОК 2007 - 2017**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за утврдување Нацрт - урбанистички план вон населено место за дел од туристичка населба Горица - Исток 2007 - 2017, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.09.2007 година.

**Број 08-1861/7**
**25.09.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 13, 22, 24 и 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.51/05) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата, одржана на ден 25.09.2007 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ - УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ДЕЛ ОД ТУРИСТИЧКА НАСЕЛБА ГОРИЦА - ИСТОК 2007 - 2017**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт урбанистички план вон населено место за дел од туристичка населба Горица - Исток 2001-2017.

**Член 2**

Со овој Нацрт урбанистички план се опфаќа простор со површина од 1,6 Ха.

Просторот на планскиот опфат во урбанистичкиот план за вон населеното место за дел од туристичка населба Горица - Исток 2001-2017 опфаќа граници:

- Источно и западно оди осовински по предвидените (со ГУП) собирна и сервисна улица кои се паралелни на регионалниот пат Р - 501.

- Северно е раскрсницата кај што се двојат овие две сообраќајници, јужно е границата на катастарската парцела односно Суводолица. Пристапот до локацијата ќе биде по сообраќајница само сообраќајно решение во склад со прописите за безбедноста во сообраќајот.

**Член 3**

Нацрт урбанистичкиот план со тех.бр.13/07 изработен е од ДОО „Урбан“ Охрид и содржи:

- планиран развој - текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт урбанистичкиот план вон населено место за дел од туристичка населба Горица – Исток 2007 - 2017.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место - општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае најмалку 15 работни дена во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставaт забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1861/7**
**25.09.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.09.2007 година.

**Број 08-1861/7-1** **ОПШТИНА ОХРИД**
**25.09.2007 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.09.2007 година го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

Се задолжува општинската администрација до 01.01.2008 година да предложи пошироко урбанистичко решение за просторот Горица - Исток.

**Број 07-1861/7-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**13.07.2007 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 17, УБ 17.4, ОПФАТ 1 (ДЕЛ ОД СПОРТСКИ ЦЕНТАР ГРАНИТ - ТРУДБЕНИК)**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за утврдување Нацрт - детален урбанистички план за УЗ 17, УБ 17.4, опфат 1 (дел од спортски центар Гранит - Трудбеник), што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.09.2007 година.

**Број 08-1861/8** **ОПШТИНА ОХРИД**
**25.09.2007 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 13, 22, 24 и 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.51/05) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата, одржана на ден 25.09.2007 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 17, УБ 17.4, ОПФАТ 1 (ДЕЛ ОД СПОРТСКИ ЦЕНТАР ГРАНИТ - ТРУДБЕНИК)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт деталниот урбанистички план за Урбана заедница 17, Урбан блок 17.4, опфат 1 (дел од спортски центар Гранит - Трудбеник).

**Член 2**

Со овој Нацрт ДУП се опфаќа простор со површина од 4,59 Ха.

Просторот на планскиот опфат во ДУП за УЗ 17, УБ 17.4 опфаќа граници: на северозапад по оска на Бул.АСНОМ, на запад по оска на ул.„Кеј Маршал Тито“, на југозапад северозападната страна на Кп.бр.6418 - канал Билјанини извори, на исток оска на новопроектиран крак на ул.„Партизанска“.

**Член 3**

Нацрт деталниот урбанистички план со тех.бр.1543/07 изработен од АД „ЗУАС“ Скопје и содржи:

- планиран развој - текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт деталниот урбанистички план за УЗ 17, УБ 17.4, опфат 1 (дел од спортски центар Гранит - Трудбеник).

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место - општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае најмалку 15 работни дена во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставaт забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1861/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**25.09.2007 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДРЕДБИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПЛАНОВИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за измена и дополнување на одредбите за спроведување на урбанистичките планови, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.09.2007 година.

**Број 08-1861/9** **ОПШТИНА ОХРИД**
**25.09.2007 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 79 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ“ бр.51/05), а во врска со член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.Гласник на

општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.09.2007 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДРЕДБИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПЛАНОВИ**

**Член 1**

Оваа Одлука за измена и дополнување на одредбите за спроведување на плановите се применува при спроведувањето на постојните детални урбанистички планови.

**Член 2**

Во графичкиот дел од урбанистичките планови каде површините за градба на објектите се утврдени со ориентациони габарити, решение за локациски услови можат да се издаваат согласно утврдените стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и идеен проект.

**Член 3**

Во одредбите за спроведување на урбанистичките планови со оваа Одлука се вршат следните измени и дополнувања:

Изградба на новопредвидени објекти, доградба, надградба, реконструкција и адаптација на постојните објекти како и изградба на инфраструктурни објекти и извори на алтернативна енергија, ќе се врши согласно урбанистичкиот план со примена на стандардите и нормативите во урбанистичкото планирање и идеен проект за градбата.

За објектите и површината за градба предвидени со урбанистичките планови може да се издаде решение за локациски услови за изградба, доградба, надградба и реконструкција во поглед на: определување на површина за градба (процент на изграденост и коефициент на искористеност), дефинирање на градежна линија во однос на изградените и предвидените објекти, определување на местополжбата на површината за градба во градежната парцела утврдена со урбанистичкиот план, утврдување на фазна градба во градежната парцела утврдена со урбанистичкиот план, утврдување на фазна градба во комплекси на сопствениот имот, утврдување на максималната висина на објектот до венец, и други поблиски услови за градба а во согласност со утврдените стандарди и нормативи за урбанистичко планирање врз основа на претходно изготвен идеен проект со кој градбата се усогласува со соседните постојни и предвидени објекти во урбаниот блок.

**Член 4**

При утврдувањето на површината за градба како и максималната висина на објектите до венец во графичкиот дел од урбанистичките планови каде предвидените габарити се ориентациони или утврдени по претходните правилници, да се почитува процентот на изграденост и коефициентот на искористеност утврден во стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.

Во стариот дел на градот утврдените површини за градба со постојниот урбанистички план се примарни, а за евентуални зголемувања на површината за градба и висината до венец ќе биде согласно став 1 од овој член, заштитно конзерваторските основи и мислење од Управата за културно наследство.

**Член 5**

Намената на приземјето во новопредвидените станбени објекти ќе се дефинира со идејните проекти во решението за локациски услови а во согласност со намената предвидена во урбанистичките планови со можност за пренамена на изградените објекти а согласно Законот за градење („Сл.Весник на РМ“ бр.51/05) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичкото планирање („Сл.Весник на РМ“ бр.78/06).

Во деталните урбанистички планови каде постои неусогласеност - разлика помеѓу намената предвидена со деталниот план и намената предвидена со ГУП-от, при издавањето на локациските услови да се почитува намената предвидена согласно ГУП-от како план од повисок ранг, доколку се работи за компатибилни намени и не се нарушуваат параметрите од планот (процент на изграденост и коефициент на искористеност).

**Член 6**

Новопредвидените објекти во низови и двокуќи, со писмена согласност на сопствениците, во границите на градежната парцела, може да се утврди слободна површина за градба при што треба да се запази процентот на изграденост и коефициентот на искористеност.

Сопственик на две непосредни градежни парцели со утврдени површини за градење и висина може да ги спои како еден објект при што да се почитуваат стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.

Во границите на градежната парцела дозволено е померување на градежната линија на површината за градба во согласност со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.

Во границите на градежната парцела според потребите на инвеститорот /паркирање, подрумски и друг користен простор/ под нивото на теренот може да се утврди подземна градежна линија оддалечена минимум 1м. од соседните градежни парцели.

Урбанистичките парцели наменети за домување можат да се оградуваат со огради и тоа со висуна од 1,60 метри, при што до висина од 1,20 да биде полна, а остатокот транспарентна.

Инвеститорот за спроведување на ставовите од овој член е должен да изготви идеен проект согласно стандардите и нормативите за урбанистичкото планирање.

**Член 7**

Отстапувањето на градежната линија во вертикалната рамнина на површината за градба во урбанистичките планови може да се дозволи во следните случаи:

- кога градежната линија не се совпаѓа со регулационата линија, а просторот помеѓу регулационата и градежната линија е поголем од 3.00м. дозволени се пречекорувања од првостепена и второстепена пластика (еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа.

- кога градежната линија се совпаѓа со регулационата линија елементите на второстепена архитектонска пластика: еркери, балкони, конзоли над стреи и сл., дозволено е излегување од градежната линија во просторот на сообраќајниот коридор мах.150см. на висина од 450см. над сообраќајниот коридор.

- елементите од третостепена архитектонска пластика: пиластри, венци, брисолеи и сл. дозволено е отстапување од градежната линија мах.30см.

**Член 8**

Изградбата на објектите утврдени со урбанистичките планови или можни доградби и надградби на истите треба да ги задоволат одредбите утврдени во стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.

Висината на објектите изразена во должни метри и површината за градба изразена во проценти може да се надополнува врз основа на процентот на изграденост и коефициентот на искористеност на земјиштето од градежната парцела.

Стекнатите права на изградените објекти и објектите во градба, како и оние во стариот дел на градот се почитуваат.

**Член 9**

За архитектонското обликување и видот на кровната конструкција ќе се почитува архитектонската традиција како и соодветна архитектонска слобода во обликувањето на градбите и просторот во градежната парцела при што треба да се користат утврдените стандарди и нормативи за проектирање и урбанистичко планирање.

Архитектурата на стариот дел на градот е традиционална со примена на карактеристичните детали на старата охридска куќа.

Објектите што имаат својство на споменик на културата мора да ја задржат автентичноста.

**Член 10**

Поткровниот простор на објектите може да се организира во корисен простор а висините на истиот да се утврдат согласно со утврдените стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и идеен проект.

Во урбанистичките планови каде постои неусогласеност помеѓу максималната висина до венец и определената вкупна површина за градба, при спроведувањето на истите со оваа Одлука приоритет се дава на максималната висина на објектот до венец во однос на останатите параметри. Во зависност од потребите и барањата на градителот отстапената површина за градба ќе се одобрува во поткровниот простор или во сутеренот на објектите.

**Член 11**

Паркиралиштата се предвидуваат во градежните парцели на објектите. Бројот на паркинг места во зависност од намената на површината за градба се утврдува согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Во одредени специфични случаи кога потребниот паркинг простор градителот не може целосно да го обезбеди во градежната парцела, градителот се задолжува да исплати надоместок за изградба на јавни паркиралишта или гаражни куќи за бројот на паркинг места кои не се обезбедени во градежната парцела на наменска сметка за изградба за јавни простори за паркирање.

Градителот е должен да склучи договор за долгорочен закуп за паркинг просторот.

**Член 12**

Согласно Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ“ бр.51/05) и Правилникот за стандардите и нормативите за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ“ бр.78/06, решение за локациски услови може да се издаде со Урбанистички проект за производни дејности утврдени во Правилникот во класата на намени Г-производство, дистрибуција и сервиси и истиот се утврдува од надлежните служби на локалната самоуправа за објектите од трета, четврта и петта категорија.

Решение за локациски услови може да се издаде со Урбанистички проект за урбанистички план за село и урбанистички план вон населено место и истиот се утврдува од надлежните служби на локалната самоуправа.

Решение за локациски услови може да се издаде со урбанистички проект за општи акти за населени места и истиот се утврдува од надлежните служби на локалната самоуправа, а согласно Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ“ бр.51/05).

Решение за локациски услови може да се издаде со урбанистички проект за објекти од областа на инфраструктурата (електрична инсталација, водовод и канализација, кабловска мрежа и телекомуникациски кабли и сл.), за урбанистички планови за кои не се изработени проекти за инфраструктурата.

**Член 13**

Со оваа Одлука се регулира и начинот на поставување на алтернативните извори на енергија (сончеви колектори, ветерници и сл.) со што се оправдува функцијата на користење на обновената енергија со која се штеди а не се загадува околината.

Поставувањето на овие извори се врши согласно член 62 од Законот за градење со одобрен основен проект.

**Член 14**

Одредбите од оваа Одлука се однесуваат за сите детални урбанистички планови и за нивните измени на територијата на општина Охрид, кои со денот на донесувањето на оваа Одлука се во сила.

**Член 15**

При примената на одредбите на оваа Одлука во спроведувањето на плановите во се ќе се применуваат одредбите на Законот за градење („Сл.Весник на РМ“ бр.51/05) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичкото планирање („Сл.Весник на РМ“ бр.78/06).

**Член 16**

Сите одредби од текстуалниот дел на урбанистичките планови што се во спротивност со одредбите од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ“ бр.78/06) и со одредбите со оваа Одлука како и Одлуката за усвојување на елаборати за измени и дополнувања на одредбите за спроведување на Деталните урбанистички планови за

општина Охрид бр.07-416/2 од 14.08.2000 год. престануваат да важат со влегување во сила на оваа Одлука.

**Член 17**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во Службен гласник на општината Охрид.

**Број 07-1861/9**
**25.09.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## ЗАКЛУЧОК
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА РЕГУЛИРАЊЕ НА ПАРКИРАЊЕТО ВОН ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Одлуката за начинот на регулирање на паркирањето вон градежната парцела, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.09.2007 година.

**Број 08-1861/10**
**25.09.2007 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 2 и 3 од Законот за комуналните такси („Сл.весник на РМ“ бр.61/04, 64/05 и 92/07) и член 54 став 2 алинеа 3 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.78/06), а во врска со член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.09.2007 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА НАЧИНОТ НА РЕГУЛИРАЊЕ НА ПАРКИРАЊЕТО ВОН ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА

**Член 1**

Оваа Одлука го регулира начинот на паркирањето на автомобилите вон рамките на градежната парцела, во урбаниот модул и урбаниот блок при спроведувањето на урбанистичките планови.

**Член 2**

Паркирањето односно гаражирањето на автомобилите се решава во рамките на градежната парцела односно во урбаниот модул или на ниво на урбан блок.

Кога станбениот објект - структура се наоѓа на агол од две улици и нема можност да се обезбеди гаражирање или паркирање на возилата во рамките на урбанистичката парцела, или парцелата нема доволна ширина за оформување на соодветен паркинг и во други специфични случаи, паркирањето ќе се врши на јавно паркиралиште или катна гаража предвидени во урбаниот модул или во урбаниот блок со плаќање на соодветен надоместок (за изградба на паркинг места во гаражата или на паркинг простор).

**Член 3**

Висината на надоместокот за обезбедување на паркинг место на сообраќајница, јавно паркиралиште и катна гаража во зависност од начинот на регулирање изнесува:

А. Дневно паркирање

- согласно Одлуката на Совет на општина Охрид за утврдување на висината на комунална такса за користење на простор за паркирање на моторни возила, бр.07-1055/2 од 29.07.2005 год.

Б. Закуп на паркинг простор на јавно паркиралиште

- за месечно користење - 2.000,00 денари
- за годишно користење -15.000,00 денари

В. Закуп на паркинг простор во катна гаража и затворен паркинг простор

- за месечно користење - 4.000,00 денари
- за годишно користење -30.000,00 денари

**Член 4**

Средствата обезбедени од надоместокот за паркирање на јавни паркиралишта или катни гаражи се уплаќаат на наменска сметка на општината и истите ќе се користат исклучиво наменски за изградба на јавни паркиралишта и катни гаражи.

**Член 5**

За сите градители кои не го обезбедиле потребниот број на паркинг места во рамките на сопствената градежна парцела кои до донесувањето на оваа Одлука не добиле одобрение за употреба на објектот, важат одредбите на оваа Одлука.

За градителите кои имаат изградено објекти пред донесувањето на оваа Одлука а не го имаат решено паркирањето, ќе важат одредбите од оваа Одлука.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во Службен гласник на општина Охрид.

**Број 07-1861/10**
**25.09.2007 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**